# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА
# ЗАКОН ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наслов: Закон за Бирото за развој на образованието**

**Постапено по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно Планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.**

**Област: Образование**

## Генерална оценка

**1. Осврт:**

Со Законот за Бирото за развој на образованието (Службен весник на РМ бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013 и 41/2014) се уредуваат надлежностите на Бирото за развој на образованието, како и други прашања од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието.

**2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**

- Закон за Државен испитен центар (Службен весник на РМ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 158/11, 164/13 и 145/14)
- Закон Општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/2015)
- Закон за основното образование (Службен весник на РМ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

- Закон за средното образование (Службен весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015)

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата а постапувајќи по сопствена иницијатива согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата го донесе следниот:

## Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно анализа и оценка на формата и содржината на Законот за Бирото за развој на образованието, утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот Закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постојат ризици од корупција во примената на дискреционото овластување и двосмисленоста.

## Образложение

При целосната анализа и проверка на Законот за Бирото за развој на образованието се констатирани ризици од корупција во следните одредби:

**Член 19.**

Со проверка на член 19, во став 2 во однос на финансирањето на дејноста на Бирото каде што Бирото може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со овој закон, упатуваме дека во овој член од законот не е јасно прецизирано кои се тие „други извори". Притоа не е наведено под кои услови и за кои намени Бирото може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори.

Во став 3 од овој член во однос на учеството на Бирото во финансирањето на истражувањата од областа на образованието кои ги спроведуваат другите институции, упатуваме на тоа дека во овој член од законот исто така не е јасно прецизирано кои се тие „ други институции" а воедно се остава простор за можна злоупотреба на финансиските средства во финансирањето на истражувањата од областа на образованието.

Со ваквата поставена законска одредба се остава простор за различно толкување на поимите „други извори" и „други институции" и во овие случаеви се детектира двосмисленоста како коруптивен ризик. Двосмисленоста на тој што го применува законот му дава можност да го искористи толкувањето на законот во сопствена корист.

Во овој член во ставот 2 и ставот 3 се употребува терминот „може" што остава простор за различно толкување. Изразот „може" во одредени околности претставува непрецизна одредба која покрај несигурност остава простор за постоење на висок корупциски ризик.

Со проверката на целиот Закон се констатира дека изразот „може" се споменува и во членовите 20 и 23.

Во членот 20 став 2 е наведено дека директорот може да има заменик при што не е прецизно утврдено дали треба да има заменик или не треба да има и кој одлучува за истото.

Во членот 23 од овој закон директорот при вршењето на стручните работи од надлежност на Бирото може да формира стручни тимови, со што во овој став изразот „може" остава можност за слободен избор при формирање стручни тимови и тоа претставува ризик од дискреционо овластување на директорот кој „може" да формира стручни тимови а притоа се остава можност за слободен избор по сопствена волја.

**Член 20.**

Со проверката на член 20 кој гласи „Директорот и заменикот на директорот на Бирото на предлог од министерот за образование и наука ги именува и разрешува Владата на РМ со мандат од четири години" се констатира дека постои недостиг од основни критериуми и услови кои треба да ги исполнат директорот и заменикот на директорот на Бирото при нивно разрешување пред истекот на мандатот, бидејќи во спротивно се остава широк простор за дискреција во однос на разрешувањето на директорот и заменикот на директорот на Бирото. Исто така се констатира дека не е утврдено правото на реизбор на директорот и заменикот на директорот на Бирото и не е изрично наведено дали може да се повтори правото на реизбор и доколку постои можност колку пати би се повторил истиот. Оттаму се оценува дека горецитираниот член 20 создава правна несигурност и можност за различно толкување.

Двосмисленоста како ризик остава можност за различно толкување на траењето на мандатот на директорот и заменикот на директорот на Бирото и можноста за нивното продолжување да се толкува на повеќе од еден начин односно според одредени актуелни потреби.

**Член 21.**

Со проверката на член 21 во делот под точка два кој гласи „во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна

санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност " се констатира дека изречената казна како услов би претставувало пречка директорот и заменикот на директорот на Бирото да ги исполнат условите за именување.

Во овој член се посочува на потребата од дообјаснување во поглед на изречената казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно дали забраната во оваа одредба се однесува на општа забрана или забрана за вршење на конкретна професија, дејност или должност поврзана со надлежностите на Бирото.

**Член 23.**

Со проверка на член 23 кој гласи: „За вршење на стручните работи од надлежност на Бирото, директорот може да формира стручни тимови со учество на надворешни стручни и научни експерти или правни лица. Составот и бројот на членовите на стручните тимови ги утврдува со решение, директорот на Бирото" се оценува дека не се утврдени критериумите за избор на лицата кои ќе ги сочинуваат тие стручни тимови, а воедно не се прецизно определени изборот и процедурата за избор на тие лица.

Во овој член се укажува на неопходна потреба од прецизно одредување на критериумите и услови за избор на лицата во стручните тимови, како и прецизно одредување на процедурата за нивниот избор, со што би се избегнала можноста за постоење ризик од дискреционо овластување.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Законот и констатираните ризици од корупција донесе заклучок Министерството за образование и наука да ги прецизира посочените

законски одредби во текстот на Законот, а со цел елиминирање на ризиците и тоа во насока на:

- елиминирање на двосмисленоста при изготвување на законот како ризик од корупција;
- прецизирање на правото за реизбор на директорот и заменикот на директорот на Бирото, како и условите за престанок на вршењето на функцијата пред истекот на мандатот;
- прецизирање на изречената казна или прекршочна санкција која би претставувала пречка за исполнување на условите за избор на директорот и заменикот на директорот на Бирото и
- пропишување на критериуми и услови за формирање на стручни тимови со учество на надворешни стручни и научни експерти или правни лица, и пропишување на процедура за избор на лицата во стручните тимови.